Windows vs linux (Makedonski)
Vrsta: Seminarski | Broj strana: 9

Windows

Windows Vista Starter едицијата е софтвер на Microsoft кој е наменет за корисниците - почетници на компјутерската технологија. Овој софтвер е дизајниран со цел да им помогне на корисниците во развојот на компјутерските вештини и достигнувањето на нови можности. Иако е поограничена верзија во споредба со Windows Vista Home Basic, оваа едиција е одлична за корисници кои сакаат да изведуваат основни задачи и е создадена првенствено со идејата да биде софтвер лесен за употреба.

Windows Vista Starter изгледа како секој друг Windows оперативен систем, со таа разлика што на десктопот е додадено Windows Vista Starter логото, со цел да се разликува од другите Windows Vista оперативни системи. Домашните корисници можат да ги користат предностите на клучните карактеристики на Windows Vista во оваа поедноставена и достапна по цена верзија. За да се поедностави Windows оперативниот систем, некои карактеристики се ограничени во Windows Vista Starter. Windows Vista Starter ви го овозможува токму она што ви е потребно за да:

• Лесно се поврзете на Интернет.
• Комуницирате со фамилијата и пријателите ширум целиот свет.
• Слушате музика и гледате видео.
• Сочувате, печатите и разделите online фотографии со алатка кој е лесна за употреба.
• Преку parental control да го ограничите пристапот на вашите деца кон специфични веб страни и игри.
• Да користите едукативен, продуктивен, small business и друг софтвер изработен за Windows.
• Да поврзете камера, печатач и други хардвер уреди наменети за Windows.
• Updates и enchancements преку Microsoft online.

Подоле се наведени некои од разликите меѓу Windows Vista Home Basic и Windows Vista Starter.

• Во Windows Vista Starter, можат да се уклучат три програми истовремено без ограничување на прозорите што е потребно да се отворени.
• Оневозможено е работење во домашна мрежа. Компјутерот кој има инсталирано Windows Vista Starter може да биде поврзан на постоечката мрежа, но неможе да биде гејтвеј компјутер.

Основни разлики

Во Windows Vista Starter можете да создадете мултипли кориснички акаунти, но брзото превклучување на корисниците не е овозможено. Во Windows Vista Starter десниот клик го отвора истото shortcut мени достапно и кај Windows Vista Home Basic. Во Windows Vista Starter, корисникот може да отвори само три програми во исто време, но за разлика од Windows XP Starter Edition, може да биде отворен неограничен број на прозори за секоја програма.

Забава

Во Windows Vista Starter, можете да ги играте истите игри и да ги практикувате истите забавни акции што ги користите и во Windows Vista Home Edition. На пример, можете да симнувате фотографии од камерата, да ги менувате и организирате овие фотографии користејќи ги програмите кои ги има вашата камера, како и да ги испратите фотографиите по е-маил до вашите приатели. Можете да изрежете CD користејќи ги вградените карактеристики на оперативниот систем. Основните карактеристики на Windows Movie Maker исто така можат да бидат искористени за едитирање на филмови. Windows Vista Starter како платформа не овозможува проток на музика и видео кон други компјутери.

**---------- OSTATAK TEKSTA NIJE PRIKAZAN. CEO RAD MOŽETE PREUZETI NA SAJTU. ----------**

www.maturskiradovi.net

MOŽETE NAS KONTAKTIRATI NA E-MAIL: maturskiradovi.net@gmail.com